ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2021 03 02/1

Скопје, мај 2022

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 17 |
| Финансиски извештаи за 2020: | |
| Биланс на приходи и расходи | 18 |
| Биланс на состојба | 19 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 20 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 21 - 23 |
| - Сметководствени политики | 23 - 24 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 24 - 31 |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија
РМ – Република Македонија
Собрание - Собранието на Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:11-891/6

Дата: 17.05.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Собранието на Република Северна Македонија и ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) за 2020 година.

Со извршената ревизија изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност на Собранието на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет (637) за 2015 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е проверка на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2015 година.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност, ги констатиравме следниве состојби:

- имајќи ги предвид обемот на работа и специфичната природа на функционирање, постои потреба од донесување на сметководствени политики за изготвување, презентирање и обелоденување на финансиските извештаи, со цел внесот на податоци во деловните книги да е во согласност

со Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор;

- Собранието не располага со имотен лист со утврдено право на сопственост или користење на земјиштето и објектот во кој истото е сместено и ги извршува своите функции и
- воспоставена е делумна сметководствена евиденција за книгите со кои располага Собранието.

За утврдените состојби дадени се препораки до одговорните лица во Собранието со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се следниве состојби:

- Собранието во соработка со единиците на локалната самоуправа треба да обезбеди соодветни услови за остварување контакти на пратеникот со граѓаните во неговата изборна единица. Во 2020 година од предвидените 72 функционираат 46 канцеларии, додека за останатите во најголем дел не се обезбедени услови од страна на општините;
- потреба од интензивирање на активностите за обезбедување на услови за стекнување на звањето овластен внатрешен ревизор, односно спроведување на испит и обуки од страна на Министерството за финансии;
- судски постапки кои се во тек, а во кои Собранието е тужена страна;
- прифатени корекции во текот на ревизијата кои имаат влијание на финансиските извештаи;
- спроведени набавки заради превенција од последиците на пандемијата предизвикана од COVID-19 вирусот.

Во делот на Останати прашања истакнуваме дека:

- основицата за пресметување на плата на избраните и именуваните лица не е усогласена односно е под износот на законски утврдената основица;
- во Законот за Собранието на РМ уредено е дека секоја пратеничка група во Собранието, во зависност од бројот на пратеници и определен број на независни пратеници, има право да ангажира надворешни соработници за времетраењето на мандатот на пратениците, но без утврдени критериуми за стручните квалификации и компетенции на истите, начинот на нивно ангажирање, како и дефинирање на нивните надлежности и активности;
- во Деловникот на Собранието на РМ уреден е начинот на евидентирање на присуство на пратениците, начинот на информирање за отсуствата, како и активностите и мерките што се преземаат во случај на отсуство за кое не е известен претседателот на Собранието, но не се дефинирани случаите во кои отсуството се смета за оправдано односно неоправдано;

- преиспитување на одлуката за уредување на правото на надоместок за користење на автомобили во приватна сопственост за службени цели и усогласување со Законот за пратениците, во делот на правото на надоместок на трошоците за исплатените патарини на наплатните пунктови на јавните патишта во РСМ.

Од страна на одговорното лице на субјектот, доставен е Одговор по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, со кој информира дека Собранието на РСМ нема забелешки по истиот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 18 до 20 заедно со ревизија на усогласеност на Собрание на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на промени на изворите на капитални средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Собрание на Република Северна Македонија за 2015 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеноста на финансиските трансакции и информации со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Собрание на Република Северна Македонија застапувано од:

- Талат Џафери, претседател на Собрание на РСМ од 27.04.2017 година[1] и од 21.08.2020 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

[1] Одлука за распуштање на Собранието на РСМ број 08 – 1421/1 од 16. 02. 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 43/20

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.12.2021 до 28.02.2022 година кај Собрание на Република Северна Македонија од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2015 година, број 09-165/2 од 14.02.2018 година и издаден е преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека од дадените пет препораки една препорака е спроведена, една препорака е делумно спроведена, две препораки се во тек на спроведување и една препорака е неприменлива.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 02.03.2022 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот, добиен е Одговор по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 08-1895/2 од 12.05.2022 година, заведен во Државниот завод за ревизија број 11-891/5 од 12.05.2022 година, со кој информира дека Собранието на РСМ нема забелешки по истиот.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Буџетите и буџетските корисници, согласно член 2 став 1 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, се должни да водат сметководство, да составуваат и поднесуваат финансиски извештаи во согласност со овој закон и прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди, со цел точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, приходите и расходите и резултатите од работењето. Сметководствените стандарди за буџетите и буџетските корисници кои се применуваат во РСМ се Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор, кои се објавени од страна на министерот за финансии. Согласно сметководствените стандарди субјектот треба има изработено и усвоено сметководствени политики како сет од специфични принципи, основи, конвенции, правила и практики, кои ќе ги користи при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи, со цел обезбедување на квалитетни информации за крајните корисници.

Собранието нема изработено и донесено сметководствени политики со кои ќе се уредат одредени специфичности во работењето, што не е во согласност со точка 1.3 од Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа[2]. Имајќи ги во предвид обемот на работа и специфичната природа на функционирање, ваквата состојба може да влијае врз квалитетот на информациите кои што се презентирани во финансиските извештаи.

Во текот на ревизијата преземени се активности[3] и формирана е работна група за изработка на сметководствени политики на Собранието на РСМ.

**Препорака:**
Одговорното лице на Собранието да продолжи со започнатите активности за изработка и донесување на сметководствени политики и нивна имплементација при сметководствената евиденција на трансакциите и деловните промени.

4.1.2. Овластениот државен ревизор во Конечните извештаи за извршени ревизии на Собранието на Република Северна Македонија од минати години, извести за состојбите во однос на недвижен имот и земјиште, за кои состојби дадени се препораки за нивно надминување.

[2] „Службен весник на Република Македонија“ број 116/05
[3] Решение за формирање работна група број 02-1295/1 од 17.03.2022 година

Со извршениот увид во приложената документација и евиденцијата на градежните објекти и земјиште за 2020 година, ги констатиравме следниве состојби:

- за градежниот објект, во кој Собранието е сместено и ги извршува тековните активности, евидентиран во сметководствената евиденција на износ од 1.590.565 илјади денари, Собранието располага со имотен лист согласно кој објектот е сопственост на РСМ и не е извршено запишување на правото на сопственост или користење во Агенцијата за катастар на недвижности.

  Во текот на ревизијата преземени се активности и наведениот објект е евидентиран во вонбилансната евиденција;
- за земјиштето под градежниот објект, евидентиран во вонбилансната евиденција во износ од 501.588 илјади денари, Собранието располага со имотен лист согласно кој е запишано правото на сопственост на РСМ, додека не е запишано правото на сопственост или користење на Собранието.

Наведените состојби не се во согласност со член 18 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост согласно кој недвижните ствари во државна сопственост, Владата на РСМ со одлука може времено или трајно да ги даде на користење, со или без надоместок на државни органи, на правни лица основани од државата, општините, општините во градот Скопје, градот Скопје, здруженија на граѓани и фондации. Наведените состојби влијаат на потврдување на правото на користење односно сопственост на градежните објекти во кои Собранието ги врши своите надлежности.

Во текот на ревизијата доставен е допис[4] до Владата на РСМ за отпочнување на активности за запишување на правото на сопственост или користење на недвижните ствари.

**Препорака:**
Одговорното лице на Собранието да продолжи со отпочнатите активности за запишување на правото на сопственост или користење на имотот во Агенцијата за катастар на недвижности.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со извршениот увид во евиденцијата на книгите во Собранието, ревизијата ги констатира следниве состојби:

[4] Барање за давање на трајно користење на недвижни ствари на Собранието на РСМ во сопственост на РСМ број 03-1215/1 од 14.03.2022 година

- во текот на 2020 година формирана е посебна комисија за спроведување на попис на состојбата на книгите во библиотеката на Собранието и Парламентарниот институт и согласно извештајот за извршен попис[5] утврдена е состојба од вкупно 34.161 книга. Книгите се распоредени на повеќе локации во зградата на Собранието, при што пописната комисија не изработила поединечни пописни листи/ списоци на книги по локации, со наслови и вредности. За овие книги не е утврдена вредност, не се евидентирани во сметководствената евиденција на Собранието и не се дел од финансиските извештаи на ден 31.12.2020 година. Истакнуваме дека во материјалната евиденција на Собранието евидентирани се книги во износ од 6.924 илјади денари односно вкупно 128 парчиња книги, кои се попишани од страна на комисијата за попис и се усогласени со состојбата на книгите во сметководствената евиденција.

  Наведените состојби не се во согласност со член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници согласно кој сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување и
- Собранието располага со посебен софтвер е-Библиотека за евиденција на книгите во Собранието, во кој до денот на вршење на ревизијата внесени се вкупно 8.425 книги односно 24% од вкупниот број книги во Собранието.

Наведените состојби имаат влијае врз презентирање на целосни и комплетни податоци во финансиските извештаи на Собранието.

Во 2021 година со одлука[6] формирана е работна група за физичко распоредување на библиотечниот фонд, која треба да поднесува месечен извештај до Генералниот секретар за планираните и спроведените активности.

Препорака:
Одговорното лице на Собранието да продолжи со започнатите активности за:
- целосно внесување на книгите во софтверот е-Библиотека и
- утврдување на вредноста на книгите и нивно евидентирање во сметководствената евиденција.

[5] Број 02-4324/3 од 28.12.2020 година
[6] Број 02-2864/1 од 11.06.2021 година

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Собранието на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет (637) на ден 31 декември 2020 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во Законот за Собранието на Република Македонија уредено е дека пратеникот освен редовната работа за време на одржување на седниците на Собранието и неговите работни тела, остварува и контакти со граѓани. Притоа, Собранието во соработка со единиците на локалната самоуправа треба да обезбеди соодветни услови за остварување контакти на пратеникот со граѓаните во неговата изборна единица.

Со измените и дополнувањата на наведениот закон од 2021 година[7], предвидено е дека условите за остварување контакти на пратеникот со граѓаните во неговата изборна единица, Собранието може да ги обезбедува во соработка и со Владата на РСМ.

Средствата за остварување контакти на пратениците со граѓаните се обезбедуваат од средствата на Собранието во Буџетот на РСМ, за што акт донесува Буџетскиот совет на Собранието.

Во Одлуката[8] донесена во 2018 година од Буџетскиот совет на Собранието, покрај другото уредено е дека единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат најмалку две простории за контакти на пратениците со граѓаните, согласно која со Записник од јуни 2018 година[9] утврден е бројот и извршено е распоредување на пратеничките канцеларии за комуникација со граѓаните.

---

[7] Службен весник на Република Северна Македонија број 174/21

[8] Одлука за начинот на функционирање и обезбедување на средства за остварување на контакти на пратениците со граѓаните број 32-3499/6 од 01.06.2018 година

[9] Број 08-4407/1 од 16.07.2018 година

Врз основа на доставената документација и евиденција за воспоставени канцеларии во 2020 година, утврдивме дека од предвидените 72 функционираат 46 канцеларии, за останатите во најголем дел не се обезбедени услови од страна на општините односно не е добиен повратен одговор или добиен е негативен одговор во однос на барањето од Собранието за обезбедување на просторни услови, додека дел од канцелариите не се функционални поради не предложен асистент од страна на пратениците. Состојбата за бројот на канцеларии за контакт со граѓаните е прикажана на следниот графикон:




Имајќи ја предвид потребата за непосредна комуникација на граѓаните со пратениците заради размена на информации, предлози и сугестии, како и законската обврска за остварување на услови за контакт на пратениците со граѓаните од нивните изборни единици, ревизијата смета дека потребно е интензивирање на активностите на Собранието, општините и Владата на РСМ, во насока на обезбедување на предвидените канцеларии за контакт со граѓаните и обезбедување подеднаков пристап до избраните претставници-пратениците, за сите граѓани на РСМ.

6.2. Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, единица за внатрешна ревизија задолжително се основа во Собранието. Констатиравме дека во 2020 година, во Собранието функционира посебна организациона единица, одделение за внатрешна ревизија со двајца внатрешни ревизори, од кои едниот ја извршува функцијата раководител на одделението. Годишниот план за ревизија за 2020 година е целосно реализиран, а спроведените внатрешни ревизии се во функција на унапредување на одделни процеси во работата на Собранието.

Согласно наведениот закон за раководител на единицата за внатрешна ревизија може да се назначи овластен внатрешен ревизор, кој покрај останатите законски услови, потребно е да има поминато обука и положено испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или да поседува меѓународно признат ревизорски сертификат. Спроведувањето на одредбата во пракса, беше

одложено заклучно со 01 јануари 2018 година, поради не спроведување на обуки и испит од страна на Министерството за финансии, подолг временски период.
Имајќи ја предвид законската обврска за формирање на единица за внатрешна ревизија кај најголем дел од субјектите од јавниот сектор од една страна, како и законски дефинираните услови за стекнување на звањето овластен внатрешен ревизор како еден од условите кои треба да ги исполни раководителот на внатрешната ревизија, сметаме дека потребно е да се интензивираат активностите за обезбедување на услови за стекнување на звањето овластен внатрешен ревизор.
Зголемувањето на бројот на овластени внатрешни ревизори ќе придонесе за зајакнување на внатрешната ревизија во јавниот сектор, како и за поддршка на раководителот на субјектот преку обезбедување независно, разумно и објективно уверување и совет, со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите на внатрешна контрола.

Истакнуваме дека со Предлог Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор кој е во фаза на донесување во Собранието, наведените состојби ќе бидат надминати, од причина што предвидено е дека раководителите на единицата за внатрешна ревизија кои до денот на влегување во сила на наведениот закон не го положиле испитот за овластен внатрешен ревизор, продолжуваат да ја вршат функцијата раководител на внатрешна ревизија и се должни да се стекнат со уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, во рок од две години од денот на отпочнување на спроведување обука и испит согласно програмата донесена од министерот за финансии.

6.3. Обрнуваме внимание на постоење на неизвесност во однос на исходот од 26 судски постапки кои се во тек, во која тужена страна е Собранието и тоа по основ на нематеријална штета, повреда на личните права, незаконско разрешување од функција, работен спор и друго, во вкупен износ од 19.742 илјади денари. Исходот од постапките може да има влијание на финансиските извештаи на Собранието во идниот период.

6.4. Во текот на ревизијата од страна на Собранието прифатени и спроведени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 1.590.565 илјади денари. Корекциите се спроведени со налог за книжење број 100000 од 02.01.2022 година и истите се однесуваат на прекнижување на вредноста на градежниот објект во кој е сместено Собранието, од сметките Материјални средства и Извори на капитални средства на одделните сметки во вонбилансната евиденција, поради тоа што Собранието не располага со имотен лист со запишано право на сопственост или користење во Агенцијата за катастар на недвижности.

Корекциите детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

6.5. Заради превенција од последиците на пандемијата предизвикана од COVID-19 вирусот, Собранието има преземено мерки за заштита на здравјето и животот на вработените, со што во текот на 2020 година спроведени се набавки на уреди за мерење на телесна температура, дезинфекциски средства, лиценци за одржување на on-line состаноци, во вкупен износ од 333 илјади денари.

## 7. Останати прашања

7.1. Со Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија[10], уредени се прашањата за платите и надоместоците на избраните и именуваните лица во РСМ, како и правата на функционерите и на раководните работници во Собранието по престанување на функцијата.

7.1.1. Во член 10 од наведениот закон е уредено дека платата на функционер и на раководен работник се утврдува на начин што основицата за пресметување на платите се множи со утврдениот коефициент и се зголемува за процентот за работното искуство, додека во член 11 е уредено дека основицата за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Со увид во актите за пресметка на платите на избрани и именувани лица во Републиката констатиравме дека во јули 2010 година донесен е Закон за дополнување на наведениот законот[11] со кој е утврдена основицата за пресметка на плата во износ од 25.726 денари, која во 2014 година со измените на законот и процентуалните усогласувања е во износ од 26.755 денари.
Истакнуваме дека иако е поминат период од 8 (осум) години истата се уште се применува и во 2022 година како основица за пресметка на платите на избраните и именуваните лица во државата.

Неоспорувајќи ја состојбата во која се издава ревизорскиот извештај, во насока на законско доделување на платите на избраните и именуваните лица, истакнуваме дека основицата согласно член 11 од законот е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, која за 2021 година изнесува 29.943 денари, при што укажуваме на потребата од доследна примена на член 11 од наведениот

[10] „Службен весник на Република Македонија“ број 36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18
[11] „Службен весник на Република Македонија“ број 97/10

закон и усогласување на основицата за пресметување на платите со податоците за исплатена месечна плата на Државниот завод за статистика, по претходно донесување на измени на наведениот закон.

7.1.2. Согласно член 19 од наведениот закон, функционер и раководен работник кој го именува Собранието односно назначува телото што тоа ќе го овласти, претседателот и Владата кој за време на вршењето на функцијата остварувал плата, може да остварува плата и по престанувањето на функцијата во период согласно законот.

Во однос на правата на функционерите и на раководните работници во Собранието по престанување на функцијата, истакнуваме дека во јануари 2022 година, изготвен е Предлог – закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, со кој се предвидува укинување на правото на остварување на плата по престанување на извршување на функцијата на избраните и именуваните лица, во насока на почитување на уставниот принцип на забрана за дискриминација врз основа на класно/ социјално потекло и имотна, односно општествена положба.

Усвојувањето и имплементирањето на предложените измени во законската регулатива, ќе влијае на намалување на расходите по наведениот основ во иден период.

7.2. Во член 9 од Законот за Собранието на Република Македонија уредено е дека секоја пратеничка група во Собранието, во зависност од бројот на пратеници и определен број на независни пратеници, има право да ангажира надворешни соработници и тоа за времетраењето на мандатот на пратениците, врз основа на договор што го склучува генералниот секретар на Собранието.

Респектирајќи ја значајноста на прашањата по кои расправаат и одлучуваат пратениците како и потребата од стручна помош при донесување на одлуките и вршењето на пратеничката функција, ревизијата смета дека потребно е доуредување на законската регулатива во делот на утврдување на критериуми за стручните квалификации и компетенции на надворешните соработници, начинот на нивно ангажирање, како и дефинирање на нивните надлежности и активности, во функција на надополнување на поддршката во работата на пратениците.

Исто така констатиравме дека ангажирањето на надворешните соработници се врши за времетраењето на мандатот на пратениците односно вообичаено за период од четири години, преку приватна агенција за вработување.

Имајќи предвид дека во член 24 од Законот за приватните агенции за вработување е уредено дека договорот за отстапување на работник за вршење на исти привремени работи може да се склучи за време додека трае потребата,

но не подолго од две години, со или без прекин, ревизијата укажува на потреба од усогласување на наведените одредби во законската регулатива.

Во текот на 2020 година по наведениот основ исплатени се средства во износ од 8.358 илјади денари.

7.3. Правата и надлежностите на пратениците се утврдени во Законот за пратениците и во Деловникот на Собранието на РМ. Во член 10 од Законот за пратениците е уредено дека пратеникот е должен да присуствува на седниците на Собранието и на работното тело чиј член е, како и да учествува во нивната работа и одлучување. Доколку пратеникот е спречен да присуствува на седницата, должен е за тоа навреме да го извести претседателот на Собранието односно претседателот на работното тело и да ги наведе причините за отсуството.

Во Деловникот на Собранието на РМ уреден е начинот на евидентирање на присуство на пратениците, начинот на информирање за отсуствата, како и активностите и мерките што се преземаат во случај на отсуство најмалку три пати едноподруго без да се извести претседателот на Собранието односно претседателот на работното тело.

Констатиравме дека во Деловникот не се дефинирани случаите во кои отсуството се смета за оправдано односно неоправдано. Врз основа на интервјуата со надлежните лица, утврдивме дека во пракса како оправдано отсуство се смета најавено отсуство кај претседателот на Собранието односно кај претседателот на работното тело.

Присутноста на пратениците од првиот и вториот парламентарен состав на седниците на Собранието одржани во 2020 година, согласно доставената евиденција за присуството, е прикажана на следниот графикон:



Имајќи ја предвид природата на работа на пратениците, значајноста на нивното присуство за работа и одлучување по одредени прашања за кои се расправа на седниците, а се во интерес на граѓаните на државата, ревизијата смета дека потребно е јасно дефинирање на терминот „оправдано отсуство" и начинот на поткрепување на истото, во насока на намалување на отсуствата, зголемување на присутноста на пратениците со цел непречено и ефективно работење на Собранието и неговите работните тела.

7.4. Во член 31 од Законот на пратениците, во делот други лични примања и надоместоци на трошоци, уредено е дека пратениците во Собранието имаат право на надоместок за користење на автомобили во приватна сопственост за службени цели во висина од 20% од продажната цена на еден литар гориво, според изминат километар за возилото кое се користи. Притоа, условите и начинот за утврдување на висината на износот за остварување на личните примања и надоместоците на трошоци утврдени со овој закон, како и нивната примена ги определува надлежно тело во Собранието односно Комисијата на прашања на изборите и именувањата на Собранието на РСМ.

Комисијата има донесена Одлука[12], во која е уредено дека освен надоместокот за користење на автомобили во приватна сопственост за службени цели, пратениците имаат право на надоместок на трошоците за исплатените патарини на наплатните пунктови на јавните патишта во РСМ.
Со увид во доставената документација и сметководствена евиденција, констатиравме дека во текот на 2020 година на пратениците исплатени им се надоместоци за користење на автомобили во приватна сопственост за службени цели во вкупен износ од 12.881 илјади денари, како и надомести за трошоците за исплатени патарини во вкупен износ од 1.092 илјади денари.
Ваквата состојба упатува на потреба од преиспитување и усогласување на Одлука и Законот на пратениците, во делот на исплатата на надоместокот за трошоците за патарини.

Исплатените средства за патни расходи за пратениците во период од 2016 до 2020 година се прикажани на следниот графикон:

[12] Одлука за висината на надоместокот на пратениците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина „Службен весник на Република Македонија" број 106/06, 143/17 и 161/18

во 000 денари




Намалувањето на расходите за гориво за пратениците по 2018 година се должи на намалување на законски утврдениот процент за исплата на надоместокот за користење на автомобили во лична сопственост за службени цели од 30% на 20% од продажната цена на еден литар гориво според изминатиот километар за возилото кое се користи, почнувајќи од август 2018 година, како и на намалениот број на седници во 2020 година, поради вонредната состојба предизвикана од вирусот COVID-19.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 397.764 | 448.457 |
| **Вкупно приходи** | | **397.764** | **448.457** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 296.268 | 279.535 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 96.492 | 152.231 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 772 | 567 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **393.532** | **432.333** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.4. | 4.232 | 16.124 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4.232** | **16.124** |
| **Вкупно расходи** | | **397.764** | **448.457** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 156 | 253 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 87 | 397 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 34.804 | 35.107 |
| Залихи | 4.1.4. | 3.265 | 3.462 |
| **Вкупно тековни средства** | | **38.312** | **39.219** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 19.500 | 21.669 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 224.529 | 1.829.524 |
| **Вкупно постојани средства** | | **244.029** | **1.851.193** |
| **Вкупна актива** | | **282.341** | **1.890.412** |
| **Вонбилансна актива** | 4.5. | **2.606.091** | **501.588** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 5.870 | 8.060 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 2.169 | 3.289 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 189 | 330 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 26.576 | 23.428 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 243 | 650 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **35.047** | **35.757** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 247.294 | 1.854.655 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **247.294** | **1.854.655** |
| **Вкупна пасива** | | **282.341** | **1.890.412** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.5. | **2.606.091** | **501.588** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
| | | | |
| Состојба 01.01.2020 година | 1.851.193 | 3.462 | 1.854.655 |
| | | | |
| Зголемување по основ на: | 61.095 | 4.960 | 66.055 |
| Набавки | 22.654 | 4.960 | 27.614 |
| Ревалоризација на капитални средства | 38.441 | - | 38.441 |
| | | | |
| Намалување по основ на: | 1.885.797 | 5.157 | 1.890.954 |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на амортизација | 6.619 | - | |
| Амортизација | 71.010 | - | 71.010 |
| Корекции-пренос на градежен објект во вонбилансна евиденција | 1.808.103 | - | 1.808.103 |
| Останати намалувања | 65 | 5.157 | 5.222 |
| | | | |
| Состојба 31.12.2020 година | 26.491 | 3.265 | 29.756 |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

До/Drejtuar: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Главен државен ревизор
м-р Максим Ацевски
ул. Павел Шатев бр. 2 Палата "Емануел Чучков"
1000 СКОПЈЕ

Бр./Nr. 08 - 1898/2
12.05. 2022 год./viti

Собрание на Република Северна Македонија
Бул. 11 Октомври 10
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. 11 Tetori 10
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut

E-пошта /E-posta: j.kotorcevik@sobranie.mk

Drejtuar: ENTIT SHTETËROR PËR REVIZION
Revizor Kryesor Shtetëror
mr.Maksim Acevski
rr. Pavel Shatevi nr. 2 Pallati "Emanuel Çuçkov"
1000 SHKUP

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА / ENTI SHTETËROR PËR REVIZION, СКОПЈЕ-SHKUP
Примено / Pranuar më: 12.05.2022
Орг. Един. / Nj. org: 11-891/5

**Предмет: Доставување на одговор по Нацрт извештај под Ваш бр. 11-891/4 од 15.04.2022 година**

**Lënda: Dorëzimi i përgjigjes për Draft-raportin me nr. Tuaj 11-891/4 prej 15.04.2022**

Почитуван г. Ацевски,

Ве известуваме дека Собранието на Република Северна Македонија нема забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Собранието на Република Северна Македонија.

Со почит,

I nderuar Z. Acevski,

Ju njoftojmë se Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut nuk ka vërejtje për Draft-raportin e Revizorit Shtetëror të autorizuar për revizionin e kryer të Raportieve financiare dhe revizionin e pajtueshmërisë për vitin 2020 në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Me respekt,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ/KRYETARI**
**mr. Talat Xhaferi**

Изработил/ Përgatiti: м-р Јасмина Которчевиќ
Одобрил/ Aprovoi: Цветанка Иванова, генерален секретар

Превел/Përktheu:
Контролирал превод/
Përkthimin e kontrolloi: